**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК

## за VII одделение

**Скопје, 2023 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Италијански јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VII (седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Јас и другите***<br>• ***Непосредно окружение***<br>• ***Секојдневен живот***<br>• ***Слободно време*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • компјутер, печатач, проектор, табла, ЦД/ДВД-плеер, интерактивна табла;<br>• нагледни средства, постери, фотографии, слики, предмети, флеш-карти, налепници, хартија, хартија во боја, хамер, ножици, лепак, дрвени боици, фломастери и сл.<br>• учебник, прирачници, речници, списанија, стрипови (печатени и онлајн)... |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по италијански јазик може да ја изведува лице кое завршило:<br>- студии по италијански јазик и литература - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по италијански јазик и книжевност - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по италијански јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска наобразба (доквалификација) за настава по италијански јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- двопредметни студии по македонски и италијански јазик, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- студии по италијански јазик и литература/книжевност - друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска наобразба (доквалификација) за наставата по италијански јазик на акредитирана |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-A.12 | да разбере фрази и најчесто употребуван вокабулар што се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина); |
| II-A.13 | да ја сфати главната поента во куси, јасни, едноставни пораки и соопштенија; |
| II-A.14 | да  чита куси, едноставни текстови и да разбере куси, едноставни пораки во рамки на позната тематика; |
| II-A.15 | да најде конкретни информации во едноставни секојдневни материјали (реклами, проспекти, менија, возни редови и сл.); |
| II-A.16 | да користи низа изрази и реченици за да го опише со едноставни зборови семејството и другите луѓе, животните услови, интересите и секојдневните активности; |
| II-A.17 | да иницира и да учествува во куси разговори на позната тематика; |
| II-A.18 | да користи низа од изрази и реченици за да ги опише со едноставни зборови: семејството и другите луѓе, животните услови, интересите и секојдневните активности; |
| II-A.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-A.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |
| II-A.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици, се развива можноста за комуникација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| II-Б.2 | со  познавањето повеќе јазици се олеснува пристапот до ресурси кои се корисни за совладување други наставни предмети/содржини; |
| II-Б.3 | преку изучувањето други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури; |
| I-Б.4 | преку изучувањето други јазици се развива почит  кон  другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

DRAFT

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

**Дигитална писменост**:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин е потребно и ефективно користење ИКТ за решавање некоја задача/проблем; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитува различните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди. |

**Личен и социјален развој**:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| V-А.4 | да прави проценка на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.13 | да комуницира со други и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |

| | |
|---|---|
| V-А.15 | да соработува со другите во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

**Општество и демократска култура**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делувањево заедницата; |
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |

| | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.); |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата. |

**Техника, технологија и претприемништво**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |

**Уметничко изразување и култура**:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.4 | културната разноликост влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| Тема 1: ***ЈАС И ДРУГИТЕ***<br>Вкупно часови: 16 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. Разбере глобално и детално значење на едноставни слушнати/пишани искази и многу кратки едноставни текстови во кои се опишува физички изглед;<br>2. Го опише усно својот физички изглед и изгледот на друго лице;<br>3. Го опише својот физички изглед и изгледот на друго лице во многу краток едноставен текст. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Говорни чинови:<br>• Барање/давање информации поврзани со опис на лица (физички изглед и облека);<br>• Опишување физички изглед на лица со општи карактеристики. | • Разбира искази или многу краток слушнат и/или пишан текст со едноставен опис на физички изглед и облека на некое лице;<br>• Издвојува информации од едноставни слушнати/пишани искази за опишување физички изглед и облека на лице од блиското окружение;<br>• Употребува новоусвоени зборови и изрази при разменување информации за опис на физички изглед на лица;<br>• Се опишува усно себеси, другар/ка, член на своето семејство;<br>• Пишува многу краток едноставен текст со кој опишува физички изглед на позната личност;<br>• Пишува многу краток едноставен текст за опишување себе си или друго лице. |
| б) Лексички единици:<br>• Физички карактеристики (најчести описни придавки и именки): *grande, piccolo, magro, grasso, alto, basso,* | • Разбира најчести описни придавки и именки поврзани со опис на лица (физички изглед и облека);<br>• Идентификува зборови и изрази поврзани со опис на физичкиот изглед во слушнат/пишан текст; |

| | |
|---|---|
| *bello, simpatico, carino…; Occhi neri/ verdi/ marroni/ blu/azzurri; capelli lunghi/corti/ biondi/castani;*<br>• Именки кои означуваат облека: *l’abbigliamento, un abito, un vestito, una gonna, una camicia, i pantaloni, una maglietta, un maglione, i jeans, le scarpe, le scarpe da ginnastica);*<br>• Бои: *bianco, nero, rosso, giallo, blu, grigio, marrone, verde, viola.* | • Именува основни поими со кои се опишува физички изглед;<br>• Го објаснува значењето на зборовите кои означуваат облека;<br>• Набројува именки кои означуваат облека;<br>• Употребувва зборови, во реченици, кои означуваат боја;<br>• Употребува поими и изрази во реченици со кои се опишува физички изглед. |
| в) Граматички структури:<br>• Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходното одделение :<br>- фонетика (изговор и правопис );<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози).<br><br>• Нови содржини:<br>- Придавки (Aggettivi):<br>- показни придавки (dimostrativi): *questo, quello: Questo maglione mi piace molto. Quelle scarpe sono carine.;*<br>- согласување кај придавките (accordo degli aggettivi): *I capelli di Sofia sono lunghi. Compro un paio di pantaloni bianchi. ;*<br>-местото на придавките во реченицата: *Elena indossa una camicia rossa. Maria è una bella ragazza.;*<br>- Заменки (Pronomi):<br>-interrogativi: *quale, chi, come: Qual è il tuo colore preferito?;* | • Разликува и правилно изговара одредени гласови карактеристични за италијанскиот јазик во зборови, изрази, ритмички групи, реченици;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран;<br>• Ги употребува соодветните форми на описните придавки во даден контекст;<br>• Ги употребува соодветните форми за машки и женски род кај новоусвоените именки и придавки;<br>• Ги употребува соодветните форми на показните придавки: *questo, quello*;<br>• Поставува прашања употребувајќи ги заменките: *quale, chi, come;*<br>• Ги употребува новоусвоените прилози и предлози во едноставни реченици;<br>• Ги препознава и ги користи формите на глаголите *portare, indossare, mettere* во сегашно време;<br>• Употребува одречна форма на даден исказ. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| - Прилози (Avverbi):<br>-за количина: *molto, poco:*<br>*Mi piacciono molto gli abiti sportivi.;*<br>-за начин: *bene, male:*<br>*Marco canta molto bene.;*<br>- Предлози (Preposizioni): *in, a, per:*<br>*Questa camicia è per Carla. A Roberto piace il maglione verde.;*<br>- Глаголски времиња и начини (Tempi e modi verbali):<br>-сегашно време (presente indicativo): *portare, indossare, mettere:*<br>*Luca indossa sempre una camicia bianca e un paio di scarpe nere.;*<br>- Реченица (Frase):<br>-расказна: потврдна и одречна (affermativa e negativa):<br>*Mi piacciono queste scarpe. Non mi piacciono queste scarpe. ;*<br>-прашална (interrogativa):<br>*Qual è il tuo colore preferito? Che cosa vuoi indossare per la festa di Antonio?* | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Стилот на облекување на младите;<br>• Кодексот на облекување во училишта во Италија и во Македонија; | • Наведува сличности и разлики во училишниот кодекс на облекување во Италија и во Македонија;<br>• Наведува сличности и разлики во начинот на облекување на младите во Италија и во Македонија; |

**Примери за активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Вообичаени активности за почнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден во неделата на табла и во тетратка, пеење претходно научена песна.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за италијанскиот јазик. Пр.: повторување кратки искази по слушнат модел.
- Подредување зборови во кратки реченици со соодветни лексички единици и граматички содржини.
- Пополнување празни места во табели и реченици со соодветни лексички единици и граматички содржини.
- *Диктат.* Пишување едноставни реченици/ краток текст по диктат поврзан со темата.
- *Доаѓање до значењето.* Учениците гледаат слики од ликовите од стрипот *Corto Maltese* (или друг стрип) со описни придавки дадени под сликите и го откриваат нивното значење.
- *Род и број*. Наставникот пишува реченици на табла (пр.: *Luigi è magro. Elena è magra. I miei cugini sono tutti magri.)* според кои, учениците ги изведуваат правилата за образување женски род и множина. Наставникот дополнува со исклучоците. Потоа, учениците сами составуваат реченици и ги читаат.
- *Авионче*. Секој ученик се опишува себеси, но не го пишува своето име. Потоа од листот прават авионче и сите заедно ги фрлаат. Секој ученик зема по едно авионче, го чита листот и погодува кој е ученикот опишан на листот.
- *Описни придавки.* Учениците гледаат фотографии со познати личности и под фотографиите треба да ги подвлечат описните придавки што ги опишуваат личностите на фотографиите. Пр.: *Laura Pausini ha i capelli neri/<u>biondi.</u>*
- *Опис на мојот другар.* Учениците ги пишуваат своите имиња на лист хартија и ги ставаат во кутија, потоа секој ученик влече ливче и го опишува ученикот чие име е напишано на извлеченото ливче. Пр.: *Lei è Anna. È alta e magra, ha i capelli lunghi e castani. Ha gli occhi verdi. Porta un jeans e una maglietta viola.*
- *Capi di abbigliamento*. Учениците во парови или во групи добиваат лист со неколку слики на кои се прикажани парчиња облека. Наставникот покажува слики (на лист или со помош на дигитална алатка) една по една, по измешан редослед. Ја именува облеката, а учениците, во групи, ги заокружуваат на работниот лист сликите кои ги илустрираат соодветните зборови изговорени од страна на наставникот. Групата која прва ќе ги заокружи сите слики е победник. Потоа наставникот ги запишува зборовите на табла, ги изговара, а учениците повторуваат и го кажуваат значењето во зависност од тоа колку запомниле од претходната активност.
- *Ruota dei colori*. Наставникот ги пишува боите на тркалото што сам го изработува (или преку користење дигитална алатка) и носи листови на кои има предмети во бои. Ученикот го врти тркалото и на бојата на којашто застанува треба да стави најмногу листови со предметите во бојата која му се паднала. Победник е тој ученик кој успеал да стави најмногу листови со предмети во соодветната боја во однапред определено време.

- Пополнување празни места во текстови, табели и реченици со соодветни лексички единици и граматички содржини. Пример: *Maria* <u>*ha*</u> *i capelli biondi e corti . Lei* <u>*è*</u> *alta e magra*.
- *Умна мапа (mappa mentale)*. Учениците именуваат поими и изрази поврзани со облека според визуелни прикази (картички, слики) и на хамер креираат умна мапа поврзана со облеката.

- Подредување, во дијалог, реченици дадени во измешан редослед.
- *Cruciverba.* Учениците, во парови, решаваат крстозбор, употребувајќи ги правилно зборовите што означуваат облека и бои.
- *Chi sono?* Секој ученик се опишува себеси со неколку кратки реченици на ливче, кое потоа го тутка во облик на топче. На даден знак од наставникот, учениците почнуваат да ги подаваат еден на друг ливчињата сè додека не се измешаат. Потоа секој ученик го чита ливчето што го добил и погодува кој е опишан. Доколку не погоди, останатите ученици може да погодуваат.
- *Tocca il colore…*.. Наставникот кажува: *Tocca il colore* (на пр. rosso) и сите ученици треба да допрат нешто со црвена боја. Потоа се продолжува со друга боја. Улогата на аниматор може да ја има и некој ученик.
- *Изгубен багаж.* Пополнување замислен формулар за изгубен багаж на аеродром, напишан на мајчиниот јазик на учениците. Во парови учениците добиваат формулар и следново упатство од наставникот: *Il tuo amico italiano viene a trovarti ma la compagnia aerea smarrisce il suo bagaglio. Tu gli spieghi come deve compilare il formulario.* Едниот од учениците му го објаснува формуларот на италијански јазик на другиот, при што го пополнува формуларот, наведувајќи го составот на изгубениот багаж (делови од  облека и други предмети).
- *Che cosa indossi?* Учениците кажуваат како се облечени. Пр.: *Indosso una camicia blu.*
- *Mi piace…/Non mi piace…* Наставникот прикажува фотографии/видеоматеријал од облека. Учениците покажуваат што им се допаѓа/што не им се допаѓа и ги искажуваат своите вкусови користејќи показна придавка. Пр.: *Mi piace questa gonna. Non mi piace questo maglione. Mi piacciono questi pantaloni*.
- Учениците го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, меморија, осумнасочник, парови, точно/неточно, квиз… (креирани од наставникот или со користење разни дигитални алатки, како на пр.: Liveworksheets, WordWall, LearningApps, Kahoot и др.).
- *Le celebrita'.* Наставникот покажува слики од познати италијански личности што учениците усно ги опишуваат со кратки реченици (физички изглед, облека).
- *Personaggio misterioso*. Учениците во парови добиваат лист со слики од повеќе личности (документот може да биде прикажан на табла преку проектор). Секој ученик одбира по еден лик од сликите, без да го кажува на другиот. Учениците наизменично

DRAFT

си поставуваат прашања (*È una ragazza? È bionda? Indossa un vestito rosso?* ...) и кој прв ќе ја погоди замислената личност е победник.

- Слушање/ читање со разбирање текст и одговорање на прашања од типот: *Chi? Che cosa? Quale? Come?*, точно/неточно (vero/ falso), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор.

  *Roberto è alto, grasso e molto forte. Ha i capelli lunghi e rossi. Il suo amico, Francesco, è basso e magro, ha i capelli corti e biondi. Mia sorella si chiama Sara. Lei è alta e magra. Ha i capelli lunghi e castani e gli occhi marroni. Il suo colore preferito è il rosso. È molto carina.*

  *La mia cantante preferita è Laura Pausini. Lei è alta e magra. Ha i capelli lunghi, neri e lisci. Ha gli occhi blu. Indossa spesso una camicia nera e jeans o pantaloni neri. È davvero simpatica. Adoro le sue canzoni.*

- Усно изразување:
  *- Io sono alto/a e magro/a. Ho gli occhi verdi e i capelli neri.*
- Усна интеракција:
  Antonia: *Devo comprare un maglione per il compleanno di Marco. Sai qual è il suo colore preferito?*
  Marta: *Il Blu e il nero. A scuola Indossa sempre i pantaloni blu o neri.*

- Писмено изразување. Учениците пишуваат кратки едноставни реченици со поими што означуваат облека што ја носат во разни ситуации/места. Пр.: *Per andare a scuola/ al parco/ a una festa, indosso …*
- Проектна задача - Албум со фотографии и со соодветни описи на учениците. Секој ученик се опишува себеси, пр.: *Sono…, Mi piace indossare…, Il mio colore preferito è….* Листовите се спојуваат и се дискутира за модните вкусови.
- Групна изработка на постер на тема Кодекс на облекување во училиште *(indossare / non indossare).*

- Активности за усовршување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците : конверзација на италијански јазик, играње улоги, драматизации.

DRAFT

| | |
|---|---|
| **Тема 2: НЕПОСРЕДНО ОКРУЖЕНИЕ**<br>Вкупно часови: 17 | |
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот / ученичката ќе биде способен /-на да:<br>1. Разбере глобално и детално краток слушнат и пишан текст со опис на домот;<br>2. Го опише својот дом при усно изразување и усна интеракција;<br>3. Го опише својот дом во краток едноставен текст. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Говорни чинови:<br>• Барање/давање информации за живеалиштето (адреса, вид на живеалиште);<br>• Искажување местоположба во простор;<br>• Опишување на својот дом (простории, основен мебел и предмети). | • Разбира глобално краток едноставен слушнат и/или пишан текст во кој се опишува дом;<br>• Издвојува информации од кратки едноставни слушнати / пишани искази/текст во кои се опишува домот;<br>• Ја кажува своја адреса на живеење;<br>• Одговара, со едноставни реченици, на прашања за видот на живеалиштето;<br>• Ја искажува, со едноставни реченици, местоположбата на мебелот и предметите во домот;<br>• Разменува информации и усно се изразува на тема: *Опис на домот*;<br>• Составува краток едноставен текст со опис на домот / омилена просторија во домот. |
| б) Лексички единици:<br>• Дом: *casa, casa unifamiliare, casetta, villa, villetta, appartamento, condominio, abitazione, mansarda, monolocale, palazzo, palazzina, grattacielo, castello;*<br>• Простории: *camera, soggiorno, camera per ragazzi, camera da letto, cucina, sala da pranzo, bagno, studio, ripostiglio, corridoio, ingresso, cantina, balcone;*<br>• Основен мебел: *mobile, divano, poltrona, letto, tavolo, sedia, comodino, elettrodomestico, frigorifero, forno,* | • Разбира зборови и изрази поврзани со опис на домот;<br>• Брои до 100;<br>• Ги употребува редните броеви до 100 во даден контекст;<br>• Именува поими кои ги означуваат просториите во домот;<br>• Именува поими кои означуват мебел;<br>• Ги именува често употребуваните предмети во домот;<br>• Го објаснува значењето на зборовите кои означуваат |

| | |
|---|---|
| *cucina elettrica;*<br>• Често употребувани предмети: *telefono, portatile, televisore, cellulare, tablet, computer*, … ;<br>• Броеви<br>-главни (cardinali): 1-100, 200, 300, … 1000) и редни (ordinali)): 1-100. | простории и мебел во домот;<br>• Употребува поими и изрази, во едноставни реченици, поврзани со опис на домот. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| в) Граматички структури:<br>• Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходните одделенија :<br>- фонетика (изговор и правопис );<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози, глаголски времиња и начини);<br>- реченици (расказна: потврдна и одречна; прашална; извична).<br><br>• Нови содржини:<br>- Прилози ( Avverbi):<br>-за место (di luogo): *sopra, sotto, vicino, accanto, lontano, dentro, fuori:*<br>*Io e Marco abitiamo vicino. Lui abita al secondo piano e io abito sopra.;*<br>- Предлози (Preposizioni):<br>за место: *a, in, da, su, sopra (+sostantivo), sotto (+sostantivo), dietro (+ sostantivo), davanti a (+ sostantivo)...:*<br>*Il libro è sul tavolo. La poltrona si trova davanti alla finestra.;*<br>- Сврзници (Congiunzioni) : *e, anche, neanche, o*:<br>*Vivi in un condominio o in una casa unifamiliare?*<br>- Глаголски времиња и начини (Tempi e modi verbali): -сегашно време од некои неправилни, повратни и безлични глаголи (Presente indicativo di alcuni verbi irregolari, riflessivi, impersonali): *abitare, essere, trovarsi:*<br>*Mi sveglio alle 7 di mattina. Faccio colazione e esco di casa. Piove.* | • Разликува и правилно изговара одредени гласови во даден контекст;<br>• Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува усно со доволно правилен изговор за да биде разбран;<br>• Ги употребува соодветните форми на членуваниот предлог;<br>• Ги употребува соодветните форми во еднина и во множина на описните и показните придавки во даден контекст;<br>• Ги употребува соодветните средства за претставување во даден контекст;<br>• Ги препознава новоусвоените прилози, предлози и сврзници и ги употребува во едноставни реченици;<br>• Ги користи соодветните форми на најчестите неправилни, повратни и безлични глаголи во сегашно време. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| г) Содржини за дискусија:<br>• Домот во Италија и во Македонија;<br>• Начин на кажување адреса во Италија и во Македонија. | • Ги воочува сличностите и разликите на домот во Италија и во Македонија;<br>• Ја воочува разликата во кажувањето адреса на живеење на италијански и на мајчин јазик. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Вообичаени активности за почнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден во неделата, на табла и во тетратка, пеење претходно научена песничка.

- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за италијанскиот јазик. Пр.: повторување кратки искази по слушнат модел.
- Подредување зборови во кратки реченици и слики по логичен редослед.
- *La tombola della casa*. Секој ученик влече ливче со фотографии/слики што означуваат предмети во домот. Го покажува ливчето пред сите ученици и на глас го кажува зборот на италијански јазик.
- Опис на куќа од соништата. Учениците имаат за задача да напишат краток текст за нивната куќа од соништата, опис на просториите и опис на предметите во домот.
- Пополнување празни места во табели и реченици со соодветни лексички единици и граматички содржини.

- *Trova l'intruso* - за секоја просторија има дадено еден предмет што не припаѓа на таа просторија. Учениците подвлекуваат во реченици збор или зборови што означуваат предмети кои не припаѓаат на дадената просторија. Пр.: *Che cosa c'è nel soggiorno ?- C'è il camino, ci sono i* quadri, <u>c'è la doccia</u>, *c'è la libreria, c'è il televisore*.
- *Броење до 100.* Учениците последователно ги изговараат броевите од 1 до 100, а останатите внимаваат за да ја продолжат низата. Ученикот што ќе погреши, излегува од играта.

- *La ruota della fortuna.* На лист хартија се црта тркало во вид на часовник со стрелка (или се користи дигитална алатка) на кој се напишани броевите од 1 до 100. Учениците ја вртат стрелката и бројот на кој ќе застане стрелката учениците го запишуваат со

DRAFT

букви на табла.

- *Мојот телефонски број*. Учениците во парови ги разменуваат реалните или замислените броеви на своите мобилни/фиксни телефони. Едниот ученик го кажува бројот, а другиот го запишува со бројки.
- *Qual è il tuo indirizzo*? Наставникот дава неколку примери на адреси (destinatario, via, numero civico, citta') во Италија (Mario Rossi, Viale Europa 13, 20133 Milano). Неколку ученици ја кажуваат својата адреса на мајчин јазик. Наставникот ги запишува на табла. Потоа учениците воочуваат разлики и заеднички прават споредба во однос на редоследот на елементите во адресата изведувајќи заклучок за разликата во кажувањето адреса на двата јазика.

- Учениците пишуваат на табла по една реченица употребувајќи ги редните броеви со зборови. Пр.: *La mia amica vive al secondo piano. Voglio conquistare il primo posto nella gara di matematica.*

- *Активност за лоцирање на простории и предмети во домот.* Учениците слушаат краток текст во кој се опишува дневна соба. Учениците слушаат внимателно и на лист хартија ја цртаат дневната соба така како што е опишана во текстот. Кога сите ученици ќе ја завршат активноста секој го покажува својот цртеж.
- *Умна мапа (mappa mentale)*. Учениците именуваат поими и изрази поврзани со простории и предмети во домот според визуелни прикази (картички, слики) и на хамер креираат умна мапа на зборот дом.

- *Trova le differenze.* Учениците работат во парови. На секој пар се делат по две слики на кои ги пронаоѓаат разликите. Победник е парот кој ќе ги посочи сите разлики. пр. *Nell'immagine A la finestra è dietro il divano, mentre nell'immagine B la finestra è vicino alla porta.*
- *Gioco della memoria*. Учениците во парови изработуваат картички, на македонски и италијански јазик, со зборовите за просториите во домот. Потоа ги превртуваат картичките, да не се гледа напишаното и играат меморија, односно треба да го најдат парот зборови на македонски и италијански јазик кои означуваат иста просторија.
- *Cruciverba.* Учениците, во парови, решаваат крстозбор, употребувајќи ги правилно зборовите што означуваат предмети во домот.
- Подредување зборови во кратки реченици и слики по логичен редослед.
- *Storia a catena*. Учениците се седнати во круг и наставникот ја започнува приказната: *Nella mia casa c'e'/ci sono….* Потоа ученикот кој е од десната страна повторува и дополнува со поим кој означува просторија во домот. Секој следен ученик продолжува на тој начин што прво ја повторува реченицата по истиот редослед како што е кажана и дополнува со нов збор - просторија во домот.

- *Dove sono?* На картички се напишани просториите во домот. Еден ученик влече картичка и со пантомима треба да објасни во која просторија од домот се наоѓа. На пример, ако извлече кујна, може да покаже како готви. Останатите ученици погодуваат. Притоа учениците заемно се оценуваат преку техниката семафор.
- *Gioco delle sedie*. Секој ученик застанува до своето столче. Наставникот дава упатства каде да застане ученикот: *Mettiti davanti a/ dietro / sopra, su/ accanto a.* Учениците се движат според упатствата.
- *Dettati illustrati*. Наставникот чита текст со опис на една просторија од домот. Учениците слушаат и цртаат според описот. Потоа наставникот проверува дали цртежите соодветствуваат на прочитаниот текст.
- *Nella stanza c'è/ ci sono….* Наставникот покажува слики од простории од домот и на табла, во две колони запишува: *C'è/ Ci sono… Non c'è/ Non ci sono…* Учениците последователно излегуваат на табла и ги пополнуваат колоните со потребните зборови (што има/нема на сликата).
- Решавање квиз за проверка на знаењата *Kahoot, LearningApps, liveworksheets*, составени од страна на наставникот или постоечки.
- Слушање/читање со разбирање многу краток текст и одговорање на прашања од типот:
  *Chi? Che cosa? Quando? Dove?*, точно/неточно (vero/falso), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор.

  *Abito in un appartamento al terzo piano nel centro di Perugia. Il mio appartamento è comodo e luminoso. Quando entri c'è subito il soggiorno, a destra della porta d'ingresso c'è la cucina. Dietro la porta del corridoio c'è il bagno. Di fianco al bagno c'è la camera da letto. Vicino al soggiorno c'è la mia camera. Ci sono anche due balconi, uno nel soggiorno e uno in cucina.*

- Усно изразување. Наставникот пушта видео во кое е претставена некоја куќа. Учениците ја опишуваат куќата, кои простории ги виделе, што има во детската соба.
- Усна интеракција:

  *Maria: Abiti in una casa monofamiliare o in un condominio?*
  *Sofia: Abito in un appartamento al primo piano di un condominio.*
  *Maria: E com'è il tuo appartamento?*
  *Sofia: E' comodo e luminoso: Ci sono due camere da letto, un soggiorno grande, la cucina e il bagno.*
  *Maria: Che cosa c'è nella tua camera da letto?*
  *Sofia: Nella mia camera da letto c'è un armadio piccolo, vicino all'armadio c'è un letto grande e sopra il letto c'è un quadro.*

- Писмено изразување: Опис на просторија според дадена слика. Учениците, поделени во мали групи, составуваат краток едноставен текст со опис на просторија според слика дадена од наставникот. Потоа, претставникот на секоја група го чита напишаното, покажувајќи ја сликата пред соучениците. Учениците од останатите групи внимателно слушаат и дополнуваат доколку има потреба. Накрај се избира најдобриот состав.
- *Квиз*. За време на часот учениците (самостојно или во пар) се вклучуваат на дадениот линк од наставникот/наставничката, на кој има вежба со слики со неколку соби и предмети од домот и понудени одговори. Според дадената слика учениците го бираат точниот одговор.
- Проектна задача: *La mia casa ideale*. Учениците го цртаат на лист (или на компјутер) својот идеален дом и го опишуваат во краток едноставен текст. Потоа го презентираат пред останатите својот идеален дом. Оваа активност може да се работи самостојно или во групи. На крај може да има гласање за избор на најдобра идеја.
- Активности за усовршување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: конверзација на италијански јазик, играње улоги, драматизации.

**Тема 3: СЕКОЈДНЕВЕН ЖИВОТ**
Вкупно часови: 19

**Резултати од учењетото:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. Разбере глобално и детално едноставен краток слушнат/пишан текст со опис на активностите од секојдневниот живот;
2. Го опише своето секојдневие усно и во краток едноставен текст;
3. Побара/даде информација за своите дневни оброци;
4. Состави краток едноставен текст за своите дневни оброци.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| а) Говорни чинови:<br>• Опишување на своето секојдневие;<br>• Барање/давање информации за своите дневни оброци во усна интеракција;<br>• Искажување, во краток едноставен текст, на навиките поврзани со дневните оброци. | • Разбира глобално краток слушнат и/или пишан текст со опис на активности од секојдневниот живот;<br>• Го опишува, усно, со едноставни реченици, своето секојдневие;<br>• Составува краток едноставен текст во кој го опишува своето секојдневие;<br>• Разменува информации, во усна интеракција, за своите навики поврзани со дневни оброци; |

DRAFT

| | |
|---|---|
| | • Составува краток едноставен текст за своите навики поврзани со дневни оброци;<br>• Се изразува усно со доволно правилен изговор за да биде разбран. |
| б) Лексички единици:<br>• Зборови и изрази поврзани со секојдневните активности на еден ученик: *alzarsi, lavarsi, vestirsi, andare a scuola, fare i compiti, fare una passeggiata, guardare un film, andare a letto, mangiare, bere, prendere*;<br>• Основни зборови и изрази поврзани со храна и пијалаци: *latte, acqua, formaggio, prosciutto, pane, burro, frutta,…;*<br>• Дневни оброци: *prima colazione, pranzo, spuntino, cena;*<br>• *Броеви ( повторување и продлабочување);*<br>• Час (повторување и продлабочување): *Sono le 7 meno un quarto. Ci vediamo alle 11 e mezza.* | • Разбира зборови и изрази поврзани со секојдневните активности на еден ученик;<br>• Ги разбира и ги употребува во едноставни реченици основните поими што означуваат храна и пијалаци;<br>• Набројува зборови и изрази што ги означуваат секојдневните активности на еден ученик;<br>• Објаснува зборови и изрази поврзани со секојдневните активности;<br>• Пренесува, од мајчин на италијански јазик, основни поими што означуваат храна и пијалаци;<br>• Употребува зборови и изрази, во реченици, поврзани со секојдневните активности;<br>• Употребува соодветни изрази за искажување час на неформален начин;<br>• Применува новонаучени зборови и изрази во едноставни реченици во кои ги опишува своите дневни оброци. |
| в) Граматички структури:<br>• Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходните одделенија:<br>- фонетика (изговор и правопис );<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози, глаголски времиња и начини).<br><br>• Нови содржини:<br>- Член (Articolo):<br>- партитивен (partitivo):<br>*Mangio del pane e bevo dell'acqua.;* | • Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Ги употребува соодветните форми на партитивниот член во даден контекст;<br>• Ги употребува соодветните форми за машки и женски род кај новоусвоените именки и придавки;<br>• Ги употребува соодветните форми на повратните заменки при искажување на активности од секојдневниот живот;<br>• Ги употребува новоусвоените прилози и предлози во едноставни реченици;<br>• Ги користи соодветните форми на новоусвоените глаголи во сегашно време. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| - Заменки (Pronomi):<br>- повратни заменки ( pronomi riflessivi)*: mi,ti,si,ci,vi,si:*<br>*Di solito mi alzo tardi.;*<br>- Прилози (Avverbi):<br>-за време (di tempo*): di solito, spesso, sempre, raramente, ogni tanto, tardi, presto:*<br>*Di solito esco con gli amici sabato sera. Ogni tanto faccio colazione con Francesca.;*<br>- Предлози (Preposizioni): *prima, dopo* :<br>*Ogni domenica, dopo pranzo, vado a fare una lunga passeggiata.;*<br>- Глаголски времиња и начини (Tempi e modi verbali):<br>- сегашно време од глаголите (presente indicativo dei verbi): *lavarsi, vestirsi, alzarsi, pettinarsi, svegliarsi, mangiare, bere, prendere:*<br>*Ogni giorno mi sveglio alle 7, mi vesto e vado a fare colazione.* | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Секојдневието на учениците во Италија и во Македонија;<br>• Јадења типични за Италија и за Македонија;<br>• Навики поврзани со дневните оброци во Италија и во својата култура. | • Ги набројува и објаснува сличностите и разликите поврзани со секојдневието на учениците во Италија и во Македонија;<br>• Ги набројува и објаснува сличностите и разликите поврзани со јадењата и дневните оброци во Италија и во Македонија. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Вообичаени активности за започнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден на табла и во неделата во

DRAFT

тетратка, пеење претходно научена песничка.

- Слушање, разликување и изговор на гласовите. Пр.: учениците слушаат зборови и креваат рака кога ќе го слушнат зборот со бараниот глас; учениците слушаат зборови и ги повторуваат.
- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за италијанскиот јазик. Пр.: повторување кратки искази по слушнат модел.
- Вежби за разликување графеми и правопис на зборови. Пр.: слушање зборови и подвлекување графеми за конкретен глас.
- Подредување зборови во кратки реченици и слики по логичен редослед.
- Пополнување празни места во табели и реченици со соодветни лексички единици и граматички содржини.
- *Откривање на значењето*. Учениците гледаат видео на интернет во кое се опишани активности од секојдневниот живот и го откриваат значењето на зборовите и изразите. Потоа ги препишуваат во тетратките. До нив ги впишуваат еквивалентите на мајчин јазик.
- *Бура на идеи.* Наставникот запишува на табла на пр.: *colazione*, а учениците пишуваат зборови и изрази кои се однесуваат на запишаниот збор на табла.
- *Che cosa mangio a pranzo?* Наставникот им дели на учениците лист на кој има слики со храна и пијалоци и им пушта аудио текст (дијалог). Учениците го слушаат краткиот текст (дијалог) и ги заокружуваат сликите на зборовите што означуваат храна и пијалаци.
- *Направи мени.* Наставникот ги дели учениците во парови и секој пар прави мени за својот ресторан.
- *Cloze.* Учениците пополнуваат празни места во краток текст со глаголи со кои се искажуваат секојдневни активности, а кои се претходно дадени во измешан редослед.
- *Gioco domino*. Учениците добиваат домино картички кои ги спојуваат на тој начин што личната и повратната заменка ја поврзуваат со соодветната форма на глаголот, пр.: *Io - mi vesto, Tu - ti alzi.*
- *Indovina cosa faccio - gara*. Наставникот на клупа става картички на кои се прикажани секојдневни дејствија (или на кои се напишани повратните глаголи). Учениците се поделени во групи од 4 до 6 ученици. По еден ученик од секоја група влече картичка и со пантомима го објаснува дејството, а учениците од неговата група го погодуваат и правилно го кажуваат глаголот. На пример, ако го објаснува глаголот *vestirsi* учениците од неговата група кажуваат: *tu ti vesti.* Групата која за најкратко време ќе го даде точниот одговор добива еден поен.
- *Che cosa fai nel soggiorno/nella cucina/nello studio…* Наставникот на табла, во колони, ги запишува просториите во домот. Учениците добиваат картички со секојдневни активности. Секој ученик излегува на табла, ја лепи картичката во соодветната

колона и кажува реченица од типот: *Nel soggiorno guardo la televisione.*
(Истата активност може да се реализира и со деловите од денот наместо со просториите од домот.)

- Подредување според член. Учениците во парови добиваат ливче со слика и напишан поим за храна со определен член. Секој пар го лепи ливчето на табла во соодветната колона со партитивен член и составува реченици по даден пример од наставникот: *Amo il caffè. Prendo del caffè.*
- *Умна мапа (mappa mentale)*. Учениците именуваат поими и изрази поврзани со храна и пијалоци според визуелни прикази (картички, слики) и на хамер креираат умна мапа.
- *Ascolto.* Во табела се дадени прилозите за време и личностите од текстот. Учениците го слушаат текстот, ги означуваат точните одговори во табелата и одговараат на прашањата употребувајќи ги прилозите за време. Пр.: *Maurizio fa colazione sempre alle 7, Franco fa colazione raramente.*
- *Gioco di dadi*. На секоја страна од коцка се напишани прашања. Пр.: *Cosa mangi a colazione/pranzo/cena? Cosa ti piace mangiare? Cosa detesti/ non ti piace mangiare?* Учениците ја фрлаат коцката и одговараат на прашањето.
- *Игра во парови*. Едниот ученик кажува час, а другиот ученик го пишува со бројки или црта стрелки.
- *A che ora…?* Секој ученик пишува прашање, на ливче, *пр.: A che ora ti alzi/ fai colazione?* и го става во кутија. Потоа во парови, учениците влечат прашања и одговараат.
- Учениците увежбуваат и го проверуваат стекнатото знаење преку интерактивни онлајн вежби со дополнување, поврзување, меморија, осумнасочник, парови, точно/неточно, квиз… (креирани од наставникот или преку дигитални алатки: Liveworksheets, WordWall, LearningApps, Kahoot).
- Слушање/читање со разбирање на многу краток текст и одговарање на прашања од типот: *Chi? Che cosa? Quando? Come? Dove?*, точно/неточно (vero/falso), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор:

  *Di solito la mattina mi alzo alle 7, mi lavo, mi vesto e vado a scuola. Torno a casa alle 12. Mi riposo un po', scrivo i compiti e pranzo. La sera spesso guardo la TV e mi addormento alle 22.*

- Усно изразување: *Опиши го твоето идеално мени за твојата роденденска забава.*

  *Per il mio compleanno vorrei una torta alla frutta fresca, panini con prosciutto, pizzette, patatine fritte, brioche alla nutella, coca cola e succhi di frutta*.

- *Intervista.* Учениците прават анкета, во колку часот нивните соученици се будат, кога појадуваат, во колку часот одат на

училиште, во колку часот си легнуваат… Накрај, со помош на моделот што им го дава наставникот, ги презентираат резултатите од анкетата.

- *Storia a catena.* Учениците се наредени во круг. Секој ученик влече по една картичка на која е прикажано едно секојдневно дејство. Еден ученик ја започнува приказната: *Ogni giorno mi alzo alle 6.30*. Потоа продолжува друг ученик при што се внимава приказната да биде логична, да има континуитет. Сите ученици внимаваат дали реченицата е правилно кажана.

- Усна интеракција:

  *Davide: A che ora ti alzi?*
  *Valerio: Mi alzo alle 7.*
  *Davide: A che ora fai colazione?*
  *Valerio: Di solito alle 9:30.*
  *Davide: Che cosa preferisci mangiare a pranzo?*
  *Valerio: Preferisco mangiare la pizza o gli spaghetti alla carbonara.*
  *Davide: Cosa mangi a cena?*
  *Valerio: Cereali con latte freddo.*

- Писмено изразување. Учениците го опишуваат својот вообичаен ден со кратки, едноставни реченици.
- Проектна задача: Изработка на хамер, на кој се претставени италијанските региони со нивните типични јадења и/ или производи.
- Активности за усовршување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: конверзација на италијански јазик, играње улоги, драматизации.

**Тема 4: СЛОБОДНО ВРЕМЕ**
Вкупно часови: 20

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. Разбере покана/одговор на покана поврзана со активности од слободното време;
2. Покани и одговори на поканата, усно и преку (електронски) пораки;
3. Разбере глобално краток слушнат и пишан текст со опис на временските услови;
4. Размени информации, во усна интеракција, за временските услови;
5. Состави едноставен краток текст за временските услови.

DRAFT

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| а) Говорни чинови:<br>• Поканување/ прифаќање или одбивање на поканата за активности од слободното време;<br>• Честитање роденден;<br>• Барање/давање информации за временските услови;<br>• Опишување на временските услови во краток едноставен текст. | • Разбира глобално и детално покана/одговор на покана поврзана со активности од слободното време;<br>• Парафразира едноставни пораки за поканување/одговарање на покани;<br>• Поканува /одговара на поканата на едноставен начин, при усна интеракција;<br>• Составува кратки едноставни (електронски) пораки во кои поканува/одговара на поканата;<br>• Разбира глобално и детално краток слушнат и пишан текст со опис на временските услови;<br>• Разменува усно информации за временските услови;<br>• Составува краток едноставен текст со опис на временските услови, во својата земја и во други земји. |
| б) Лексички единици:<br>• Зборови и изрази поврзани со активности во слободното време *: navigare in internet, fare sport, uscire, cinema, museo, zoo, piscina, parco acquatico, videogiochi,…;*<br>• Зборови и изрази поврзани со роденденски забави: *festa di compleanno, invito, regalo, torta, dolce, candele. Buon compleanno! Auguri! ... ;*<br>• Годишни времиња*: primavera, estate, autunno, inverno;*<br>• Изрази за опишување временски услови*: Fa bel tempo/ Fa freddo/caldo/brutto, Piove, Nevica, C'è Il sole, Tira il vento, È nuvoloso. È umido. Che tempo fa? Com'è il tempo a Roma?* | • Разбира зборови и изрази поврзани со активностите од слободното време;<br>• Набројува поими што означуваат активности од слободното време;<br>• Објаснува зборови и изрази поврзани со активностите од слободното време;<br>• Ги разбира и ги именува поимите што ги означуваат местата на реализирање на активностите од слободното време;<br>• Именува поими што означуваат годишни времиња и временски услови;<br>• Употребува поими и изрази, во реченици, поврзани со слободното време. |

DRAFT

| | |
|---|---|
| в) Граматички структури:<br>• Повторување и продлабочување на содржините од наставните програми за претходното одделение :<br>- фонетика (изговор и правопис );<br>- морфологија (член, именка, придавка, заменка, предлози, прилози, глаголски времиња и начини);<br>- реченици (расказна: потврдна и одречна; прашална; извична).<br><br>• Нови содржини:<br>- Прилози (Avverbi): *oggi, stamattina, prima, dopo, presto, tardi, molto, troppo*:<br>*Stamattina usciamo tardi di casa.;*<br>- Предлози (Preposizioni):<br>-членувани предлози (preposizioni articolate*): nel, dal, dell'...:;*<br>*Francesca gioca nel cortile.*<br>- Глаголски времиња и начини (Tempi e modi verbali):<br>-сегашно време (presente): *fare, andare, giocare, nuotare, navigare.* | • Правилно ги пишува новоусвоените зборови и изрази;<br>• Се изразува со доволно правилен изговор за да биде разбран;<br>• Ја употребува соодветната форма на членуваниот предлог во даден контекст;<br>• Ги употребува соодветните форми за машки и женски род кај новоусвоените именки и придавки;<br>• Ги употребува прилозите *oggi, stamattina, prima, dopo, presto, tardi)* во едноставни реченици;<br>• Ги користи соодветните форми на новоусвоените глаголи во сегашно време. |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Интересите на младите од својата култура и на младите од Италија, во врска со слободното време. | • Ги идентификува и ги искажува сличностите и разликите во врска со активностите од слободното време на младите од својата култура и на младите од Италија. |

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

DRAFT

- Вообичаени активности за започнување на секој час: поздравување, пишување датум и ден на табла и во неделата во тетратка, пеење претходно научена песничка.

- Вежби за усвојување акцент, ритам и интонација карактеристични за италијанскиот јазик. Пр.: повторување кратки искази по слушнат модел.
- Подредување зборови во кратки  реченици и слики по логичен редослед.
- Пополнување празни места во табели и реченици со соодветни лексички единици и граматички содржини.
- *Orologio meteo.* Наставникот носи хамер со нацртан часовник на кој се претставени симболи кои илустрираат одредени временски услови. Ги дели учениците во групи и им дели картички на кои има напишано изрази кои означуваат временски услови. Еден ученик од групата го чита временскиот услов кој го има на картичката, а друг ученик од друга група ја поместува стрелката на часовникот на сликата со временскиот услов што одговара на прочитаното. Победник е онаа група која ќе погоди најмногу временски услови.
- *Che cosa fai nel tempo libero*? Учениците усно даваат информации за своите активности во слободното време.
- *Mi piace/ non mi piace.*  Наставникот црта на табла две табели. Учениците излегуваат еден по еден на табла и во едната табела ги запишуваат активностите од слободното време што им се допаѓаат, а во другата табела оние што не им се допаѓаат.
- *Abbinamento* - Поврзување слики со дадени дадени зборови и изрази кои означуваат активности во слободното време, на интерактивна табла.
- *Crucipuzzle.* Учениците ги пронаоѓаат понудените зборови поврзани со активности во слободното време и ги обележуваат. Учениците можат да работат самостојно или во парови.
- *Квиз.* За време на часот учениците (самостојно или во парови) се вклучуваат на дадениот линк од наставникот/наставничката, на кој има вежба со слики кои означуваат временски услови. Според дадената слика учениците го бираат точниот одговор.
- *Che tempo fa oggi*? Наставникот ги дели учениците во групи, на секоја група ѝ дава по еден лист на која има карта од различни држави со градови. Учениците составуваат реченици, даваат информации за тоа какво е времето во некој од дадените градови. Пр.: *A Perugia fa bel tempo. A Barcellona fa caldo*. *A Amsterdam fa freddo.*
- Усна интеракција, на мајчин јазик, меѓу учениците и наставникот на тема *Активности во слободно време*. Преку техниката *Бура на идеи* учениците, на мајчин јазик, ги кажуваат активностите што ги прават во своето слободно време. Наставникот ги запишува на табла.
- *Состави реченица*. Наставникот ги дели учениците во помали групи. На секоја група ѝ дели измешани зборови напишани на картичка со кои треба да состават реченица. Потоа секоја група ја презентира својата реченица. Активноста се повторува

неколку пати со различни зборови/реченици.

- *Најмногу реченици*. Работа во три групи. Секоја група влече ливче со еден од глаголите *fare/giocare/andare* со којшто пишуваат што е можно повеќе реченици. Потоа секоја група последователно ги чита составените реченици, а останатите ученици слушаат и дополнуваат ако има потреба. Групата со најмногу составени точни реченици е победник.
- Решавање квиз за проверка на знаењата составен од страна на наставникот или преку разни дигитални алатки (*Kahoot, LearningApps...).*
- Слушање/читање со разбирање на многу краток текст и одговарање на прашања од типот: *Chi? Che cosa? Quando? Come? Dove?*, точно/неточно (vero/falso), отворени прашања, прашања за поврзување информации или прашања со повеќечлен избор.

  *La mia stagione preferita è l'inverno. D'inverno fa freddo, le temperature sono sotto zero, ci sono le nuvole grigie e a volte c'è la nebbia. Mi piace quando nevica, io adoro la neve e quando tutto attorno è bianco.*

- Усна интеракција: Разменување информации за слободно време. Еден ученик го прашува соученикот што прави за викенд или после училиште, а другиот одговара:

  *Alessio: Che cosa fai questo fine-settimana?*
  *Federico: Gioco a calcio. Dopo vado al cinema. E tu?*
  *Alessio: Io vado al Centro commerciale con i miei compagni.*
  *Federico: Qual'è il tuo passatempo preferito?*
  *Alessio: Mi piace ascoltare la musica o guardare film documentari.*

- Усна интеракција: Поканување, прифаќање/одбивање на поканата.
  *Elena, vieni con me al cinema domani sera? -Si, vengo volentieri. / -Mi dispiace, non posso venire, ho da fare.*

- Усна интеракција: *Che tempo fa?* Наставникот покажува метеоролошка карта од светот. Учениците разменуваат информации за временските услови во различни земји. Еден ученик поставува прашање за времето во одредена земја, друг ученик одговара:

  Che tempo fa in Africa? - *Fa molto caldo. C'è il sole.*
  *Che tempo fa al Polo Nord? - Fa molto freddo. Le temperature sono molto basse.*
  *Che tempo fa in Inghilterra? - Fa freddo e piove spesso. Il clima è nuvoloso e umido.*

- Писмено изразување. Учениците пишуваат покани на ливчиња за роденденска забава. Потоа ги разменуваат меѓу себе и секој од нив одговара на поканата што ја добил.

- Писмено изразување. Врз основа на дадена метео карта учениците поделени во групи ги опишуваат временските услови во одредени места на светот.
- Проектна задача: *Фото приказна*. Учениците, во групи, изработуваат постер со слики кои илустрираат активности од слободното време во различни годишни времиња и ги поврзуваат со кратки едноставни реченици кои ги опишуваат тие активности.
- Проектна задача: *Покани за забава*. Учениците се делат во групи и се договараат за местото на забавата, датумот, времетраење/ час, храна, пијалоци, активности, игри, музика. Може да дадат повеќе предлози, кои потоа ќе ги презентираат пред одделението и ќе се гласа за најдобриот. Накрај, пишуваат покани на италијански јазик, во кои ќе ги вклучат договорените информации за забавата.
- Проектна задача: *Годишни времиња.* Учениците изработуваат постер на кој се прикажани слики за четирите годишни времиња. Под секоја слика ги запишуваат изразите што ги означуваат временските услови карактеристични за соодветното годишно време.
- Активности за увежбување на изговорот и за развивање комуникативна компетенција кај учениците: читање на глас, конверзација на италијански јазик, играње улоги, драматизации.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите, наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не истакнување на недостатоците. Бидејќи во седмо одделение по предметот италијански јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, почетно читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и почетно пишување (писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- усното изразување на доволно правилен начин за да биде разбран;
- вербално и невербално реагирање по слушнат исказ;
- разбирањето куси слушнати и /или пишани искази и куси дијалози, куси текстови, куси стихотворби, едноставни песни и сл.;
- правилното пишување зборови, куси реченици и куси дијалози, како и пишување по звучен модел - диктат;
- усното изразување и усната интеракција;
- пишувањето реченици, кратки и едноставни текстови на зададени теми;
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- индивидуални и групни изработки на проектни задачи (постери, илустрации, …);
- домашни задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење и оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по Италијански јазик за VII одделение.** | бр. ____________<br>_________________ година<br><br>Министер за образование и наука<br><br>---------------------------------------------- |

DRAFT